39567

Изложби I

# СЕМОЌТА НА ДУХОТ



**Задлабоченост во човековиот дух: Автопортрет на Никола Мартиноски**

Уметничката галерија од Скопје, институција која во својата активност покажува нагласен интерес кон корените на модерната македонска ликовна уметност, уште на стартот на оваа 1993 година се потруди да ги потсети љубителите на сликарството на два мошне значајни јубилеи: на 90-годишнината од раѓањето и 20-годишнината од смртта на **Никола Мартиноски.** По тој повод галеријата подготви, навистина камерен, но сепак репрезентативен избор од неговото богато ликовно творештво. И во оваа прилика реч одржа неуморниот проучувач на неговото дело, проф. д-р **Борис Петковски**. Вонредното доживување со сликите на Мартиноски, на вчерашното отворање на изложбата, го дооформи и настапот на Гудачкиот квартет на македонската филхармонија со неколку музички нумери.

И оваа средба со Мартиновски не останува без возбуда од неговото мајсторство на боите и потезите. Зад нив стои длабоката инспирација од македонското средновековно сликарство, кое Мартиноски го вгради во темелите на модерната ликовна уметност. Изложените експонати го изразуваат слоевитиот, креативен пат на авторот, промените, но и константите на неговиот ликовен израз. Раскошно се доживува моќта на бојата, на потезите, на амбиентот на Мартиноски кој од една страна е препознатлив по својата загледаност во македонската ликовна традиција, а од друга по досегот на самите врвови на европскиот сликарски израз, актуелен во неговото време. Само неговата богата и, се чини, неисцрпна енергија можела со таква истрајност и задлабоченост да продира во човековиот дух, во националите и социјални аспекти на неговиот живот, но и во најдлабоките зони на неговата интима. Затоа неговиот говор на кистот ќе остане метафора за онаа позната индиска мудрост за моќта на материјата и семоќта на духот во вечноста. Таму патуваат неговите музиканти, крушевски ентериери, мајки со деца, ромки, еротски фантазии... ■





ПУЛС, 108, 11.11.1993,